СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ОДРЖУВАЊЕ ИЗБОРИ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

--компаративен преглед --

Фросина Дониновска Сусинов

Советник истражувач и аналитичар по современи политички системи

февруари 2021 година

## СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 3
ВОВЕД ..... 5
I РОМАНИЈА ..... 5
II РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ..... 6
III РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА ..... 7
IV РЕПУБЛИКА ЛИТВАНИЈА ..... 8
V РЕПУБЛИКА ПОЛСКА ..... 9
VI ГРУЗИЈА ..... 10
VII ИЗРАЕЛ ..... 11
VIII РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА ..... 11
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 13

**РЕЗИМЕ**

Компаративниот преглед има за цел да даде осврт на преземените мерки на државите за одржување парламентарни, претседателски или локални избори во услови на глобалната пандемија предизвикана од ковид-19.

На парламентарните избори во **Романија**, задолжителни мерки на гласачките места беа следниве: носење заштитна маска цело време додека гласачот е во избирачкото место; отстранување на маската од лицето на кратко за да се идентификува гласачот од страна на членовите на изборната комисија, запазувајќи го растојанието од 1.5 метри; пристапот до избирачкото место се одвиваше етапно со цел да се одржи растојание од најмалку 1,5 метри; мерење телесната температура на влезот од избирачкото место; (на гласачите со температура над 37.3°C или со очигледни респираторни проблеми им се даваше приоритет и притоа се внимаваше да не остварат контакт со другите гласачи. По нивното заминување, се дезинфицираше просторијата за гласање.

Во **Република Хрватска**, гласачите коишто доаѓаа да гласаат мораа да им дозволат на членовите на комисијата задолжени за дезинфекција да им ги дезинфицираат рацете кога влегуваа во просторијата. Исто така, на гласачите им беше препорачано да носат свое пенкало. Гласачите влегуваа и излегуваа од просторијата за гласање одржувајќи најмалку 1.5 метри растојание. На гласачите им беше препорачано да носат маски за време на гласањето. Носењето маски беше особено препорачливо за гласачите со хронични болести, кои се под поголем ризик за развивање на потешка клиничка слика предизвикана од ковид-19. Во случај на носење маска, истата на кратко требаше да биде отстранета, заради проверка на идентитетот, на растојание од 2 метри од членот на комисијата задолжен за проверка на идентитетот на гласачот.

Во **Република Молдавија**, избирачките места беа обележани со натписи со ограничување на движењето за да се обезбеди физичко растојание од најмалку 1,5 метри помеѓу гласачите. На влезот на гласачкото место се мереше температурата на секој гласач. Дозволен беше ограничен број гласачи да бидат истовремено во избирачкото место, што е еднакво на бројот на кабините за гласање. (на пример: 2 кабини за гласање - 2 гласачи присутни истовремено на избирачкото место). Исто така, на гласачите им беше препорачано да си понесат сопствено пенкало за гласање и за потпишување на избирачкиот список.

Во **Република Литванија,** носењето маска беше задолжително за сите гласачи без разлика дали гласале на денот на изборите или предвремено во болниците, домовите за нега, во своите домови и сл. Покрај задолжителното носење маска, гласачите мораа да користат свое пенкало за гласање. Гласачите коишто за време на одржување на изборите беа во задолжителен карантин или изолација, можеа да гласаат од дома. На гласањето од дома му претходеше претходна регистрација преку специјален телефонски број или преку праќање претходно пополнета апликација преку електронска пошта. Притоа, гласачите мораа да напоменат дали се позитивни на ковид-19 или се наоѓаат во изолација поради контакт со лице позитивно на вирусот. Во случај на позитивно лице на вирусот кое се пријавило за гласање од дома, членовите

на изборната комисија при негова посета, со цел остварување на избирачкото право, мораа да преземат дополнителни мерки за заштита, како на пример, носење на скафандери за заштита.

Во **Република Полска**, претседателските избори се одржаа врз основа на Законот за специјалните правила за организирање на избори за претседател, со можност да се гласа по пошта, со цел да се намали ширењето на заразата предизвикана од ковид-19. Согласно со овој закон беа воведени следниве новини: хибридно гласање (гласање на гласачко место и гласање по пошта); можност да се гласа единствено по пошта во одредени општини, на барање на министерот за здравство (на претседателските избори во Полска, гласањето по пошта беше реализирано во две општини); правила за гласање по пошта; правила за гласање по пошта за гласачи во карантин; одредби за составот на изборната комисија и мерките за заштита.

Во **Грузија**, луѓето кои влегуваа во гласачкото место мораа да ги дезинфицираат своите раце и да носат маски за лице; се правеше проверка на телесната температура на членовите на изборната комисија и набљудувачите; (ова правило не важеше за гласачите); членовите на изборните комисии носеа маски за лице, визири и ракавици; се вршеше дезинфекција на површините, кои често се допираа, на секои три часа; се користеа различни пенкала кои по употребата се ставаа во посебна кутија за да се дезинфицираат; се одржуваше растојание од најмалку 1.5 метри помеѓу гласачите ; маските од лицата на гласачите се отстрануваа само за проверка на идентитетот.

Со оглед на тоа што изборите во **Израел**, се одржаа на почетокот на март, кога пандемијата предизвикана од ковид-19 не беше сè уште широко распространета, Министерството за здравство на повратниците од странство и оние со кои биле во контакт со потврдените пациенти им издаде наредба за изолација. Централната изборна комисија во соработка со Министерството за здравство, донесе одлука за формирање на 17 специјални избирачки места на централни локации во земјата за приближно 5.600 граѓани кои беа во изолација на денот на изборите.

Во **Република Франција**, некои од мерките коишто беа преземени со цел заштита од ширење на заразата беа насочени кон: ограничување на вкупниот број гласачи на максимум тројца во просторијата за гласање. Средства за дезинфекција имаше на располагање на секое гласачко место, а носењето на заштитна маска беше задолжително за сите, како за членовите на изборните комисии, така и за гласачите. Отстранувањето на маската беше дозволено само за потврда на идентитетот. Со цел спречување на ширење на вирусот преку допирање на гласачкото ливче, на истото не беше ставено печат за време на гласањето. Гласачите кои не беа во можност да гласаат, поради тоа што беа во карантин или изолација, имаа право да овластат друго лице во нивно име да гласа наместо нив. Барањето се поднесуваше во електронска форма, а гласачот кој сака да овласти друго лице да гласа во негово име, не беше обврзан да ги наведе причините за тоа.

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа е компаративна анализа на земјите кои спровеле парламентарни, локални или претседателски избори во услови на глобалната пандемија предизвикана од ковид-19. Истражувачката работа, преку компаративен пристап дава преглед на мерките преземени од страна на државите со цел одржување на успешни избори и намалување на ризикот од ширење на заразата.

Податоците потребни за подготовка на ова истражување се преземени од одговорите на ЕЦПРД-прашалникот број 4586[1] „Одржување на избори во контекст на пандемијата ковид-19 ".

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I РОМАНИЈА

Парламентарните избори во Романија се одржаа на 6 декември 2020 година, а бројот на заразени со ковид-19 во овој период беше доста висок. Поради ваквата ситуација, министерот за здравство и министерот за внатрешни работи донесоа Правилник со кој се пропишуваат мерки на централно ниво со цел спречување на ширење на заразата.

Дел од донесените мерки се однесуваа на: задолжително носење маска, дезинфекција на влезот и излезот на гласачкото место, приложување лична карта на гласачот пред електронскиот систем за идентификација, намалување на контактите со членовите на избирачката комисија, користење на сопствено пенкало за гласање.

Задолжителни мерки на гласачките места во Романија:

- Носење на заштитна маска цело време додека гласачот е на избирачкото место.
- Отстранување на маската од лицето на кратко за да се идентификува гласачот од страна на членовите на изборната комисија, запазувајќи го растојанието од 1.5 метри.
- Пристапот до избирачкото место се одвиваше етапно со цел да се одржи растојание од најмалку 1,5 метри.
- Мерење телесна температура на влезот од избирачкото место; (на гласачите со температура над 37.3°C или со очигледни респираторни проблеми им се даваше приоритет и притоа се внимаваше да не остварат контакт со другите гласачи. По нивното заминување, беше дезинфицирана просторијата за гласање.

Во областите каде што беше прогласен карантин, не постоеја ограничувања на движењето со цел да се излезе да се гласа, а за гласачите во изолација беше обезбедена мобилна гласачка кутија. Пријава за гласање со користење на мобилна гласачка кутија беше овозможено да се поднесе дури и еден ден пред

[1] ECPRD Request No. 4586. *Holding elections in the context of the COVID-19 epidemic.*

изборите. Исто така  беа овозможени и други исклучоци од страна на Централното изборно биро на Романија.

Дополнителни измени на изборното законодавство беа направени со цел овозможување гласање по пошта на парламентарните избори. Можноста за гласање на 5 и 6 декември за гласачите од дијаспората беше воведено во зависност од достапноста на институциите во земјите каде што тие живеат (Закон бр. 202/2020 за изменување и дополнување на одредени нормативни акти за изборите). Секој гласач кој се регистрирал да гласа надвор од Романија, имал можност да го симне гласачкото ливче од веб-сајтот на Централното изборно биро. Гласачите од дијаспората имале можност да користат телефонска линија по нормална тарифа со цел информирање за начинот на остварување на изборното право.

## II РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Во Хрватска, гласачите дијагностицирани со ковид-19 не беа во можност да гласаат поради изречени мерки на изолација согласно членот 21 од Законот за заштита од заразни болести, кои се однесуваат на забрана за контакт со сите други лица и вклучително и со членовите на изборната комисија. Гласачите дијагностицирани со ковид-19 (во натамошниот текст: заразени гласачи), на коишто не им беше дозволен пристап до избирачкото место, можеа да гласаат со помош на друго лице, коешто го потполнуваше гласачкото ливче според инструкциите и упатствата на гласачот.

Носењето маски беше задолжително и за членовите на изборната комисија и за набљудувачите на избирачките места за време на престојот во просторијата за гласање, а можеа да се тргнат само додека јадат и пијат. Маските, исто така, имаше можност да се заменат со нови, согласно со инструкциите. Освен маски, членовите на изборната комисија и набљудувачите мораа да носат и ракавици за време на целиот престој во просторијата за гласање. Исто како и маските и тие можеа да се заменат со нови, согласно со упатствата за заштита од ковид-19.

Овластените лица на институцијата беа задолжени да обезбедат редовно дезинфицирање на избирачкото место како и на тоалетите. Исто така, сапуни и хартиени крпи за раце и корпа за ѓубре беа обезбедени задолжително во сите бањи. Овластените лица на институцијата беа задолжени да обезбедат целосно дезинфицирање на избирачкото место ден по изборите во согласност со упатствата. Просторијата каде се наоѓаше избирачкото место мораше да се проветрува неколку пати на ден.

Гласачките кутии беа поставени така што обезбедува растојание од најмалку 1,5 метри помеѓу гласачката кутија и членовите на изборната комисија и другите лица.

Пред почетокот на работата, претседателот или заменикот претседател на изборната комисија именуваше член на изборната комисија кој е одговорен за дезинфекција на рацете на гласачите и другите лица кои доаѓаа на избирачкото место.

Работата на изборната комисија беше организирана така што членовите на изборната комисија не ја напуштаа институцијата непотребно до крајот на гласањето, односно до крајот на пребројувањето на гласовите, а доколку

членовите на изборната комисија имаа потреба да ја напуштат институцијата, тие мораа да ги дезинфицираат рацете и да стават нова маска и ракавици. Членовите на изборната комисија, меѓусебно, мораа да одржуваат физичко растојание од 1,5 метри.

Во просторијата беше забрането јадење и пиење. Ако член на изборната комисија требаше да јаде или пие за време на гласањето, тој мораше да ги отстрани ракавиците, да ги дезинфицира рацете и да излезе од просторијата. Ако член на избирачката комисија имаше потреба да ја напушти зградата за време на гласањето, тој / таа мораше да ги дезинфицира рацете /ракавиците при заминување.

Членовите на изборната комисија се грижеа површините што се допираат за време на гласањето (рачки, маси, пенкала, итн.)  да се бришат со средства за дезинфекција неколку пати на ден.

Гласачите коишто доаѓаа да гласаат мораа да им дозволат на членовите на комисијата задолжени за дезинфекција да им ги дезинфицираат рацете кога влегуваа во просторијата. Исто така, на гласачите им беше препорачано да носат свое пенкало. Носењето на сопствено пенкало за гласање не значеше дека рацете не треба да бидат дезинфицирани.

Гласачите влегуваа и излегуваа од просторијата за гласање одржувајќи најмалку 1.5 метри растојание.

На гласачите им се препорачуваше да носат маски за време на гласањето. Носењето маски беше особено препорачливо за гласачите со хронични болести, кои се под поголем ризик за развивање на потешка клиничка слика предизвикана од ковид-19. Во случај на носење маска, истата требаше на кратко да биде отстранета, заради проверка на идентитетот, на растојание од 2 метри од членот на комисијата задолжен за проверка на идентитетот на гласачот.

## III РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА

Во Молдавија, пристап до гласачкото место им беше дозволен единствено на гласачите коишто носат заштитни маски. На лицата со акутна-респиратнорна инфекција, температура над 37 степени, отежнато дишење, кашлица и слично, доколку се појават на гласачките места до 15 часот, не им беше дозволен влез. За нив беше пропишан посебен термин, односно по 15 часот преку обезбедување маски, ракавици, приоритет на влегување во гласачкото место, без притоа да остварат контакт со останатите присутни во просторијата, или пак овие контакти беа сведени на минимум. По заминување на заразените гласачи, сите површини со коишто заразените лица дошле во контакт беа дезинфицирани пред влегување на друго лице, односно гласач во кабината за гласање.

Гласачите кои беа во изолација (домашна, оние кои биле во контакт со заболено лице, лица кои доаѓаат од земји со висок ризик и оние кои имаат симптоми на акутна-респираторна инфекција) можеа да го искористат своето право на глас со доставување пријава до избирачкото место во место каде што живее избирачот. Апликациите можеа да се доставаат во писмена форма или усно во рок од две недели пред денот на одржување на изборите.

На денот на изборите избирачките места се проветруваа повеќе пати во текот на денот, а просториите и работните површини на избирачките места се

дезинфицираа и заштитната опрема (маски, ракавици, и сл.) се заменуваше на секои 3 часа.

Избирачките места беа обележани со натписи со ограничување на движењето за да се обезбеди физичко растојание од најмалку 1,5 метри помеѓу гласачите. На секој гласач му беше мерена температурата на влезот на гласачкото место. Дозволен беше ограничен број гласачи истовремено во избирачкото место, што е еднакво на бројот на кабини за гласање. (на пример. 2 избирачки места - 2 гласачи присутни истовремено на избирачкото место). Исто така, на гласачите им се препорачуваше да си понесат сопствено пенкало за гласање и за потпишување на избирачкиот список.

Што се однесува на дејствијата преземени со цел овозможување на непречено одвивање на изборите во време на пандемијата предизвикана од ковид-19, Централната изборна комисија усвои Упатство за спроведување на избори во услови на пандемија. Упатството ги содржеше следниве мерки:

- Заштита на здравјето и безбедноста на гласачите;
- Заштита на здравјето и безбедноста на избраните пратеници;
- Заштита на здравјето и безбедноста на кандидатите, набљудувачите и другите лица вклучени во изборниот процес;
- Усогласеност со општите правила утврдени од надлежните власти за спречување и контрола на ширењето на инфекцијата со ковид-19.

## IV РЕПУБЛИКА ЛИТВАНИЈА

Парламентарните избори во Литванија се одржаа на 11 и 25 октомври 2020 година. Мерките преземени од надлежните институции со цел спречување ширење ковид-19 беа насочени кон обезбедување заштитна опрема на членовите на изборни комисии.

Носењето маска беше задолжително за сите гласачи без разлика дали гласале на денот на изборите или предвремено во болниците, домовите за нега, во своите домови и сл. Покрај задолжителното носење на маска, гласачите мораа да користат свое пенкало за гласање.

Согласно релевантните измени и дополнувања на Законот за парламентарни избори, овластено тело за донесување на одлуки за гласање во случај на вонредна состојба во државата или на ниво на општина е Централната изборна комисија (ЦИК). ЦИК е надлежна за донесување одлуки за продолжување на гласањето од дома, за продолжување на предвременото гласање како и за утврдување на дополнителни места за гласање за време на предвремено гласање и денот на изборите.

Во случај на вонредна состојба, со одлука на ЦИК гласањето на денот на изборите во избирачко место каде што бројот на гласачи е поголем од 3.000, може да се реализира во дополнително избирачко место, коешто е дополнително формирано со цел да се намали ризикот од ширење на заразата.

Гласачите коишто се во изолација и коишто аплицирале да гласаат од дома, можеа да гласаат од дома под услови одредени од ЦИК.

Единствено гласачите коишто не беа во можност да гласаат на денот на изборите поради различни причини, можеа да гласаат последната среда и

четврток пред денот на избори во претходно опремени простории сместени во зградата на општината на чија што територија се наоѓа избирачкото место.

Гласачите коишто за време на одржување на изборите беа во задолжителен карантин или изолација, можеа да гласаат од дома. На гласањето од дома му претходеше регистрација преку специјален телефонски број или преку праќање претходно пополнета апликација преку електронска пошта. Притоа, гласачите мораа да напоменат дали се позитивни на ковид-19 или се наоѓаат во изолација поради контакт со лице позитивно на вирусот. Во случај на позитивно лице на вирусот кое се пријавило за гласање од дома, членовите на изборната комисија при негова посета со цел остварување на избирачкото право, мораа да преземат дополнителни мерки на заштита, како на пример носење скафандери за заштита.

## V РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Претседателските избори во Полска се одржаа на 28 јуни 2020 година. Вториот изборен круг се одржа на 12 јули 2020 година. Претседателските избори се одржаа врз основа на Законот за специјалните правила за организирање на избори за претседател на Република Полска, со можност да се гласа по пошта, со цел да се намали ширењето на заразата предизвикана од ковид-19.

Согласно со овој закон беа воведени следниве новини:

- Хибридно гласање (гласање на гласачко место и гласање по пошта);
- Можност да се гласа единствено по пошта во одредени општини, на барање на министерот за здравство. На претседателските избори во Полска, гласањето по пошта беше реализирано во две општини;
- Правила за гласање по пошта; правила за гласање по пошта за гласачи во карантин;
- Одредби за составот на изборната комисија и мерките за заштита.

Мерките за заштита беа усвоени врз основа на одлуката на министерот за здравство со цел спречување на ширење на заразата. Истите беа формулирани како „Упатства на министерот за здравство и главниот санитарен инспектор за принципите на епидемиолошка безбедност за време на претседателските избори“:

- Растојание од 2 метри од другите луѓе во избирачкото место;
- Обврска за покривање на устата и носот со облека или делови од облека, маска или визир во избирачкото место; (обврската не се применуваше во случај на гласач кој не е во состојба да ја покрие устата или носот поради неговата здравствена состојба, но, сепак, мораше да се почитува мерката, растојанието од другите да не биде помало од 2 метри).
- На влезот на избирачките места беа поставени средства за дезинфекција и на гласачите им беше препорачано да ги користат или да носат ракавици за еднократна употреба;
- Препорачано е да се обезбеди дезинфекција на предмети што се користат при гласање, како пенкала и страници на гласачките кутии;
- Гласачите имаа право да користат свои пенкала;
- Препорачано е да се отвори вратата на гласачкото место и другите врати во просториите каде што се движат гласачите за да не треба да се допираат; во случаи кога од безбедносни причини вратите не можат да се

отворат, се препорачува рачките да се дезинфицираат редовно, најмалку 6 пати за време на гласањето;

- Членовите на изборните комисии беа опремени со заштитни ракавици за еднократна употреба, средства за дезинфекција на рацете, медицински маски и кациги/визир;
- Местата на седење на членовите на изборната комисија беа организирани на таков начин што овозможуваа минимално растојание од 1,5 метри помеѓу членовите;
- На секое избирачко место просторијата беше проветрена најмалку еднаш на еден час;
- За време на одржување на изборите беше препорачано вратата на гласачкото место и другите врати на просториите каде што се движат гласачите да се отворат што е можно повеќе за да не се допираат; во случаи кога од безбедносни причини вратите не можат да се отворат, беше препорачано рачките на вратите да се дезинфицираат редовно, најмалку 6 пати за време на гласањето.

Главниот санитарен инспектор имаше обврска на општинските служби да им обезбеди информации за гласачите коишто се во задолжителен карантин или изолација на денот на гласањето помеѓу 12 и 2 дена пред денот на гласањето. Гласачите во карантин или изолација имаа право на глас по пошта меѓутоа мораа претходно да ја најават својата намера да гласаат на овој начин (до петтиот ден пред денот на изборите) во соодветната општинска канцеларија. Изборните пакети беа доставени до гласачите кои беа ставени под задолжителен карантин или во изолација најдоцна два дена пред денот на изборите. Гласачите мораа да го пополнат гласачкото ливче веднаш по приемот на пакетот, да го стават гласачкото ливче во обезбедениот плик, да го затворат и да го стават во повратен плик заедно со пополнетата и потпишана изјава за лични податоци и тајни гласачки ливчиња. На тој начин пакетот се враќаше на овластеното лице кое го доставило.

## VI ГРУЗИЈА

Парламентарните избори во Грузија се одржаа на 31 октомври 2020 година, а вториот круг се одржа на 21 ноември 2020. Со цел спречување на ширење на заразата предизвикана од ковид-19, членот 199 од Изборниот законик беше изменет во насока на воведување на нови изборни рокови. Во консултација со политичките партии и набљудувачките организации, грузиската централна изборна комисија воведе безбедносни насоки за одржување на парламентарните избори.

Државната изборна комисија на Грузија донесе резолуција со која се пропишуваат упатства што требаше да се следат кога земјата гласаше на изборите во октомври. Некои од мерките воведени со ова упатство беа:

- Луѓето кои влегуваа на гласачкото место мораа да ги дезинфицираат рацете и да носат маски за лице;
- Проверка на телесната температура на членовите на изборната комисија и набљудувачите (ова правило не важеше за гласачите);
- Членовите на изборните комисии носеа маски за лице, визири и ракавици;
- Дезинфекција на површините кои често се допираа, на секои три часа;

- Користење различни пенкала кои по употребата се ставаа во посебна кутија за да се дезинфицираат;
- Одржување растојание од најмалку 1.5 метри помеѓу гласачите;
- Отстранување на маските од лицата на гласачите само за проверка на идентитетот;
- Дезинфекција на рацете пред влез во гласачкото место.

На 19 октомври 2020 година, Централната изборна комисија донесе Уредба за учество на гласачи кои престојуваат во болници и се во изолација (карантин, самоизолација) на изборите на 31 октомври 2020 година, со која се пропишуваат правила за безбедно остварување на гласачкото право на лицата во карантин или изолација.

## VII ИЗРАЕЛ

Изборите во Израел се одржаа на 2 март 2020 година кога епидемијата предизвикана од ковид-19 беше во рана фаза. По откривањето на неколку случаи на зараза во Израел и наредбата на Министерството за здравство повратниците од странство и оние со кои биле во контакт со потврдените пациенти требаше да останат изолирани во своите домови. Централната изборна комисија во соработка со Министерството за здравство, донесе одлука за формирање 17 специјални избирачки места на централни локации во земјата за приближно 5.600 граѓани кои беа во изолација на денот на изборите.

Од изолираните граѓани беше побарано да дојдат директно на посебните избирачки места со автомобил и да не застануваат на патот до гласачкото место или на патот кон дома. На гласачките места беа присутни обучени болничари облечени во целосни заштитни одела, вклучително и ракавици и маски. На гласачите исто така им беа дадени маски и ракавици, а гласачките ливчиња беа собрани во специјална гласачка кутија која понатаму беше преземена од обучен тим во соодветна заштитна опрема.

## VIII РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

Во Франција првиот круг од локалните избори беше одржан во март 2020 година и сè уште немаше донесено посебни правила за гласање, освен оние за одржување растојание и дезинфекција. Вториот круг на локалните избори беше одбележан со воведување на построги мерки.

Во вториот круг од локалните избори во Франција приоритет им беше даден на ранливите категории на граѓани. Максимум тројца гласачи можеа да присуствуваат во просторијата за гласање. Средства за дезинфекција имаше на располагање на секое гласачко место, а носењето заштитна маска беше задолжително за сите, како за членовите на изборните комисии, така и за гласачите. Отстранувањето на маската беше дозволено само за потврда на идентитетот. Со цел спречување на ширење на вирусот преку допирање на гласачкото ливче, на истото не беше ставено печат за време на гласањето.

Гласачите кои не беа во можност да гласаат, поради тоа што беа во карантин или изолација, имаа право да овластат друго лице во нивно име да гласа наместо нив. Барањето се потполнуваше во електронска форма, а гласачот кој сака да овласти друго лице да гласа во негово име, не беше обврзан да ги наведе причините за тоа.

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. ECPRD Request 4586 - Holding elections in the context of the COVID-19 epidemic.


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384